Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 -420/5
29. 11. 2024 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 40 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.С.Македонија " бр.32/2020), Советот на Општина Градско, на седницата одржана на ден 29.11.2024 година ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2025 година

### 1.ВОВЕД

Со оваа годишна Програма се планира изработка на урбанистички планови за село и Урбанистички план за вон населени места во Општина Градско и истата претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште. Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отварање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.

Планирањето се овозможува преку:
-изработка на Урбанистички план за село;
-изработка на Урбанистички план за вон населено место;
-измена и дополнување на урбанистички планови;
-Акти со кои се спроведуваат урбанистичките планови (Урбанистички проект и Урбанистички проект со план за парцелизација)

### 2.ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачател на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистичките планови. Со договорот се утврдува содржина на планот (планска програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:
1. Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
2. Самофинансирање од заинтересирани правни и физички лица
3. Средства од Буџетот на Р.С.Македонија.

Програмата за изработка на урбанистички планови во 2025 година ќе биде соодветно дополнета.

Сите финансиски трошоци за изработка на урбанистички план, Урбанистички план за вон населено место и Актите со кои се спроведуваат урбанистичките планови

(урбанистички проект и урбанистички проект со план за парцелизација), а кои се по барање на правни или физички лица се на товар на барателот.

Урбанистичките планови за село и урбанистичките планови вон населено место, чија изработка е поврзана со обележувањето и вклопувањето на бесправните објекти, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, ќе бидат дополнително вклучени во годишната програма, соодветно на динамиката на легализирање на објектите.

За 2025 година се планира изработка на следните урбанистички планови и урбанистички планови за вон населени места и останата планска документација:

## 2.1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

**2.1.1.** Урбанистички план вон населено место со класа намена Г 1.8 градби за производство на електрична енергија на КП 384, КП 385, КП 386, КП 387, КП 388, КП 389, КП 390, КП 391 и КП 392 КО Чичево, општина Градско - во постапка.

**2.1.2.** Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в.Тркало, КО Згрополци,општина Градско- во постапка.

## 2.2. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

**2.2.1.** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м Виничани, Општина Градско – во постапка

**2.2.2**. Изменување и дополнување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3-индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси-фабрички комплекси на дел од КП 760/2 и дел од КП 760/1 КО ГРАДСКО,Општина Градско-во постапка

**2.2.3.** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија - 10(20)kV кабелски вод поставен на дел од К.П.бр.290, дел од К.П.бр.38/1, дел од К.П.бр.653, дел од К.П.бр.907/3, дел од К.П.бр.657/1, дел од К.П.бр.657/2, дел од К.П.бр.890/2, дел од К.П.бр.669, дел од К.П.бр.906/3, дел од К.П.бр.670, дел од К.П.бр.679, дел од К.П.бр.675, дел од К.П.бр.907/1, дел од К.П.бр.906/2 и дел од К.П.бр.760/2, К.О.Градско, Општина Градско – во постапка

**2.2.4.** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на мост на локален пат од Градско до село Уланци во Општина Градско-во постапка

**2.2.5.** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план: Нов 10 (20)kV кабелски вод низ КП бр. 389, КП бр. 889, КП бр. 902 и КП бр. 457/2 (КО Градско) – Општина Градско-во постапка

Заинтересирани правни и физички лица можат да достават до општината иницијатива за донесување на проектна документација,согласно Законот за урбанистичко планирање.

За секое поднесено барање од правни и физички лица за одобрување на Планска програма за изработка на урбанистички проект или Урбанистички проект со план за парцелизација, Советот на Општина Градско носи посебна Одлука за утврдување на потребата од изработка на конкретната УПД.

**3.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

По склучување на договорот со изготвувачот на планот, согласно чл.15-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање, се изработува планска програма со која се утврдуваат границата и содржината на планскиот опфат.

Планската програма се состои од текстуален и графички дел. Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правното лице кое поседува лиценца за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.

Во зависност од потребите, оваа Програма може да се изменува и дополнува.

За реализација на програмата потребни се средства во износ од 300.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Градско".

Совет на Општина Градско
Претседател
Мирјана Ѓорѓиева